# Заедничко коминике на IAF и ISO

## Преминување во ISO/IEC 17021:2011

Меѓународниот Форум за Акредитација (IAF), во консултација со Меѓународната Организација за Стандардизација (ISO), постави датум за имплементација на ISO/IEC 17021:2011 на 1 февруари 2013 година. Ова претставува двегодишен транзиционен период од датумот на објавување.

ISO/IEC 17021 беше ревидиран и објавен на 1 февруари 2011. Ги обединува новите барања за сертификација од трети лица на системи за управување и компетентноста на персоналот вклучен во процесот на сертификација. Исто така обезбедува рамка за понатамошен развој на критериумите за компетентност според релевантните технички комитети на ISO.

ISO/IEC 17021:2011 го содржи постојниот текст на ISO/IEC 17021:2006 во речиси неизменета форма и ги вклучува дополнителните барања за компетентност и процесот на проверка и се применува за сертификација на сите типови на системи за управување како и на телата кои ги обезбедуваат овие активности.

Во воспоставувањето на двегодишниот транзиционен период од датумот на објавување на ISO/IEC 17021, IAF и ISO го земаа во предвид следново:

- Преминувањето во ISO/IEC 17021 може да бара преводи, измени на процедурите, воспоставување нови или изменети режими на обука, ревизија на софтверските системи и имплементација на системи за демонстрирање на компетентност.

- Идентификацијата на телата за сертификација за разликите и изготвување на транзиционен план за одредување на измените на сопствените системи за управување со квалитет и временската рамка за нивно извршување.

По објавувањето, секоја нова апликација за акредитација од страна на телата за сертификација се очекува да биде според ISO/IEC 17021:2011. Било каква изјава за сообразност според ISO/IEC 17021:2006 по преодниот период нема да биде важечка.

<u>февруари 2011 година</u>